СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-2973/2

26.11.2024 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 42-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 26.11.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Сибел Туфекџи, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Арѓент Асани, Рамазан Зулбеари, Миѓен Зендели и Нeџби Дервиши.

Отсутна беше советничката: Валбона Адили Емини.

На седницата беа присутни и Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Бујар Весели -претставници од општинската администрација, претставник од ЈП,,Комуналец“ и директорот на Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“.

Претседателот на советот ги поздрави присутните и му честита на советникот Нeџби за освоените пет први места на неговиот клуб и му посака успеси и понатаму.

Потоа, Претседателот на советот го стави на усвојување Записникот од одржаната 41-ва седница на Советот на Општина Кичево одржана на 29.10.2024 год. истиот едногласно се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**<u>Претседателот на советот</u>** информира дека за оваа седница има дополна на дневниот ред со нова точка, која е во врска со развојните програми и таа ќе биде 3 точка од дневниот ред и тоа: ,,Предлог Развоен план на Програми за Развој на локлани патишта и улици“, а третата точка од дневен ред кој им е доставен ќе биде четврта, четвртата пета и така со ред.

Согласно тоа, за оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н Р Е Д</u>**

1. Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетотот на Општина Кичево за квартал 3 за период 01.01.2024 г. до 31 09. 2024 г.

2. Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Кичево за 2024 г.
3. Предлог Развоен план на Програми за Развој на локлани патишта и улици.
4. Предлог Развоен план на Програми за Развој за енергетска ефикасност.
5. Предлог Развоен план на Програми за Развој за капитални расходи за паркови и зеленила.
6. Предлог Развоен план на Програми за развој за спорт и рекреација.
7. Предлог Развоен план на Програми за развој за уредување на градежно земјиште-изградба и реконструкција на тротоари.
8. Предлог Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП).
9. Предлог Правилник за методологијата за уредување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево.
10. Предлог Правилник за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево.
11. Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево.

12. Извештај на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец“- Кичево.
13. Предлог Програма за работа на О.У Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево за 2025 г.
14. Разно.

**Претседателот на советот** отвори расправа, а збор зеде:

**Валентина Лазаревска**- Ги поздрави присутните и информира дека има забелешка во врска со доставените материјали за 2, 4, 5, 6 и 7 точка од дневниот ред, бидејќи податоците биле различни во македонскиот и албанскиот дел. Во македонскиот и албанскиот дел во точка 2 од дневниот ред имало различни податоци во бројките и наведе неколку примери за тоа. Истакна дека имало многу недостатоци во доставените материјали. И во другите точки од дневниот ред во развојните планови на програмите несоодејствувале податоците и советниците не знаеле што е точно, а што не. Биле во конфузија и праша дали требало да се направи корекција во врска со тоа.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во втората точка кај распоред на средствата имало пропуст од нивна страна и за тоа ќе информирал при образложување на точката.

**Валентина Лазаревска**- Праша дали тоа ќе важи и за другите точки.

**Претседателот на советот**- Информира дека тоа ќе важело и за другите точки.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневниот ред за оваа седница со дополнетата точка и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**1.ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Кичево за квартал 3 за период 01.01.2024 г. до 31 09. 2024 г.

**Бурим Кадриу**- Информира дека до третиот квартал имало реализација од 67,8%, а лани во истиот период имало реализација од 68,9% и дека годинава имало помала реализација. Кај даноците имало поголема

реализација во приходниот дел. Во третиот квартал капиталните приходи во однос на лани имале 35% зголемена реализација. Исто така, кај расходите реализацијата била 65,41% и таа била за 12% зголемена од лани. За плати и придонеси од плати 76% реализација или 12% повеќе од лани, кај стоки и услуги 46% и имало намалување во однос на лани. Обврските и долгот на општината до 30 дена биле поголеми за 1 милион во однос на лани. Вкупниот долг на општината во однос на истиот период од лани бил намален за 20 милиони, итн.

**Игор Стојаноски**- Информира дека и минатиот извештај бил детално и добро сработен, но имал техничка забелешка во врска со податоците за бројот на населението во Кичево, наместо 56 илјади 725 жители, според последниот попис на населението од 2021 г. и податоците од Државниот завод за статистика имало 39 илјади и 669 жители во Кичево и тоа требало да се поправи.

**Бурим Кадриу**- Информира дека знаеле дека се 39 илјади, но стоело таму и 56 илјади од нив 39 илјади жители биле резидентно население, а останатиот дел се нерезидентно население. Пописот утврдувал дали некој е жител или не е и смета дека сме 56 илјади и 725 жители.

**Претседателот на советот** го стави на Усвојување Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Кичево за квартал 3 за период 01.01.2024 г. до 31.09.2024 г. и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 5 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**2. ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Кичево за 2024 г.

**Бурим Кадриу**- Се извини за разликите кои ги има во македонскиот и албанскиот дел од Одлуката за измената на средствата и информира дека тоа е нивна неодговорност. Потоа, истакна дека платите во образованието требало да се зголемат за 5%, Министерството за образование требало да го лоцира тоа, но имало доцнење во доставата на податоци за наплатата и поради брзањето за тоа, не успеале да го направат точно. Информира дека во програмата АО во албанскиот дел имало 36 милиони, а во македонскиот

дел 48 милиони денари. Точно било 48 милиони денари. Потоа, наведе и други такви примери во програмите каде имало гршки во двата дела. Истакна дека кај судските решенија со извршување имало потреба од дополнителни средства и кај средните училишта за плати и придонеси.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека не разбрала зошто кај Г1 ЛЕР имало услуги за кои во македонскиот дел биле прдвидени 44 илјади денари, а во аланскиот дел 400 илјади денари.

**Бурим Кадриу**- Информира дека требало да стои 44 илјади, а не 400 илјади.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Кичево за 2024 г. и истата се усвои со 16 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**3. ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програми за Развој на локлани патишта и улици

**Бурим Кадриу**- Информира дека се работи за План за реконструкција на локални патишта и улици кој е тригодишен и за 2025г. имало 16 милиони, за 2026г.- 25 милиони и за 2027г.- 37 милиони расходи. Потоа наведе каде е предвидено да се градат локлни патишта и улици.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот план на Програми за Развој на локлани патишта и улици и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програми за Развој за енергетска ефикасност

**Бурим Кадриу**- Информира дека општината имала воспоставено таква програма веќе неколку години, за фотоволтаични панели во јавни објекти во основните и средните училишта. Истакна дека проектот ќе продолжел понатаму за да и во другите училишта се стават такви панели. За 2025г., 2026г. и 2027 год. , за секоја година биле предвидени по 6 милиони расходи за тоа.

**Валентина Лазаревска** – Побара и овде да се направи корکција кај индикаторите во македонскиот и албанскиот дел и во вкупната вредност. Во македонскиот дел стоело 18 илјади денари, а во албанскиот дел 24 милиони денари и побара корекција и во приходите и расходите. Исто така, побара во

иднина пред да им бидат доставени материјалите за седница, предходно добро да се проверат, за да немало грешки.

**Бурим Кадриу**- Информира дека вредноста во трите години била по 6 милиони. Во албанскиот дел било 24 милиони, бидејќи била опфатена и 2024 г. и тој бил продолжение од 2024 г.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот план на Програми за Развој  за енергетска ефикасност и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програми за Развој за капитални расходи за паркови и зеленила

**Бурим Кадриу**- Информира дека се работи за тригодишно предвидување и тоа за уредување на јавни површини и предвидено било да се уреди кај ОУ,,Санде Штерјоски“, потоа во близина на општината кај командата на поранешна ЈНА да се уреди парк за возрасни и уредување на површината кај ,,Дрита“ и ,,Мирко Милески“, а и кај интернатот. Истакна дека биле предвидени 55 милиони денари расход од 2025 г и имало пропуст кај индикаторот и требало да стои 15 милиони во 2025 г., 2026г. – 25 милиони и 2027г.- 15 милиони. Кај расходите требало да се измени според годините.

**Валентина Лазаревска** – Информира дека требало да се измени и вкупната вредност во македонскиот дел.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот план на Програми за Развој за капитални расходи за паркови и зеленила  и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програми за развој за спорт и рекреација

**Бурим Кадриу**- Информира дека се продолжува со изградбата на паркови за деца, се завршувал паркот кај ,,Ламели“, ќе се довршел паркот и кај кружниот тек кај ЕВН во 2025 г. од 2 милиони и 500 илјади денари и тој проект ќе продолжел и во 2026 и 2027 г.

**Абдула Сејдини**- Побара да се дискутира за точката, се зборувало за паркови, а требало да се зборува за спорт.

**Бурим Кадриу**- Информира дека предходно се изјаснил за тоа, па затоа редоследно продолжил со парковите.

**Абдула Сејдини**- Побара во записникот да се наведе дека овде се работело за спорт, а се дискутирало за паркови и дека тие бројки биле за тоа.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот план на Програми за развој за спорт и рекреација истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Развоен план на Програми за развој за уредување на градежно земјиште-изградба и реконструкција на тротоари

**Бурим Кадриу**- Информира дека се продолжува да се реализира во сигурноста за уредување на патиштата и улиците, за пешачки премини и реконструкција на тротоарите за наредните 3 години и за тоа се предвидени за 2025г.- 15 милиони, 2026-г. 6 милиони и за 2027г.-15 милиони денари.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека требало да се направи корекција во вкупната вредност овде, а исто така и кај расходите и тоа и во македонскиот и во албанскиот дел.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Развојниот план на Програми за развој за уредување на градежно земјиште-изградба и реконструкција на тротоари и тој се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути. По паузата седницата продолжи.

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)

**Бурим Кадриу**- Информира дека се работи за задолжување преку Министерството за финансии, преку Светска банка, во кој проект била вклучена и општината. Се работело за училишта и тоа за промена на прозори, за затоплувањето, за фасади итн. Во проектот биле вклучени 4 училишта и тоа: ОУ,,Санде Штерјоски“ , ООУ,, ДР-Владимир Полежиноски“, ОУ,,Реџо Рушит“ и ООУ,,Кузман Јосифоски -Питу“. Од нив училиштата: ОУ ,,Санде Штерјоски“ добил 16 милиони, а ООУ,,ДР- Владимир Полежиноски“ 21 милион денари, а училиштата ООУ ,,Кузман Јосифоски- Питу“ и ОУ,,Реџо

Рушит“ не биле прифатени , поради долгиот период на инвесрирање. Се работело за 15 години, а тие биле над 15 години. Светска банка финансирала 80%, а 20 % бил грант и се предвидувало да се исплати за 6 години.

**Бојан Стојкоски**- Праша зошто проектот на ООУ,,Кузман Јосифоски - Питу“ не бил прифатен.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во тој проект според анализите за финансирање на проектните критериуми на светска банка, времето на инвестирање треба да е пократко. Таму се работело за над 15 години и затоа не биле прифатени. Истакна дека со тој проект тие не биле опфатени, но ќе можат да се опфатат на друг начин и со други проекти.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог Правилник за методологијата за уредување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево

**Бујар Весели**- Информира дека Правилниците за блок дотации на основните и средните училишта биле исти со оние од лани. Истакна дека од вкупната сума на блок дотациите се минусирало за плати, па за др. оперативни трошоци итн. Меѓу критериумите за блок дотациите во основните училишта биле: вкупниот број на ученици, работа во смени, дневен престој, лица со посебни потреби и др.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Правилникот за методологијата за уредување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Правилник за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево

**Бујар Весели** – Информира дека и овде било исто, со тоа што имало измена во критериумите. Меѓу критериумите биле: вкупниот број на ученици, број на ученици кои користат транспорт итн.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Правилникот за методологијата за уредување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево

**Секретарот на општината** – Информира дека до колку се изгласа оваа Одлука, на Јавните службеници, т.е тие што се вработени по ЗРО ќе им се зголемат платите и ќе се доближат до платите на административните службеници.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена на Правилникот за пресметка на плати за јавните службеници во Општина Кичево и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот информира дека сеуште не е стигнат преставникот од ,,Комуналец“ и затоа предложи да се расправа по 13-та точка од дневниот ред, наместо по 12-та точка бидејќи преставникот за 13-та точка бил тука. Така, отвори расправа по:

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Програма за работа на О.У Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево за 2025 г.

**Директорот на О.У Работнички универзитет,,Крсте Мисирков“-** Информира дека и оваа година во институтицијата ќе се работело на културен и образовен план. На образовен план се организирале вонредни курсеви, а културно ги негувале занаетите и развојот на мултикултурата кај нас.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за работа на О.У Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево за 2025 г. и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на 12-та точка од дневниот ред.

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА**: Извештај на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец"- Кичево

**Преставникот од ЈП,,Комуналец"**- Се извини за задоцнувањето и информира дека претпријатието до 3-ти квартал имало 144 милиони приходи и 145 милиони расходи. Биле во загуба, но се надевале дека до крајот на годината ќе се подобрат резултатите. Истакна дека главна дејност на претпријатието е снабдување со вода и собирање на ѓубре и тука приходите биле најголени, а расходите биле најголеми за плати на вработените.

**Валентина Лазаревска**- Се заблагодари за излегувањето во пресрет на претпријатието за населбата ,,Иванидол" и истакна дека сега требало да се интервенира на улицата ,,Ужичка." Информира дека работењето јасно е преставено во квартали и задолжувањата што ги има претпријатието и судските забрани. Праша, дали има начин да се реши тој проблем од страна на општината како основач. Дали тоа требало да се решава од новиот буџет или да се бара помош од Влада и дали е разговарано со неа за тоа. Дали за тоа имало план и стратегија.

**Преставникот од ЈП,,Комуналец"-** Информира дека секоја подршка била добродојдена без разлика од каде и да е и сите заедно требало да го надминат тоа. Предложи заедно со советот да се обратат до основачот и до Владата за да се реши тоа.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека на ул.,,Ужичка" пред 2 години ЈП,,Комуналец" менувал водоводни цевки и улицата уште била раскопана и ништо не било преземено таму за тоа.

**Преставникот од ЈП,,Комуналец**"- Информира дека тој доаѓа од Секторот за финансии и неможел да одговори во моментот за тоа, но ќе го проследел тоа до надлежните во претпријатието, за да се реши.

**Бојан Стојкоски**- Праша дали вработените во претпријатието ќе добијат К-15 или не, поради тоа што претпријатието е во загуба.

**Преставникот од ЈП,,Комуналец**"- Информира дека тоа било законска обврска за сите, па и за нивното претпријатие и се надевал дека и тие ќе постапат во законската рамка. Но, тој небил оној, кој го давал дефинитивниот одговор.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот на приходи и трошоци Квартал 3 за остварен финансиски резултат на ЈП ,,Комуналец“- Кичево и истиот се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ. Советникот Михајло Данилоски се иззема од гласањето, бидејќи е вработен во претпријатието.

**14. ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Разно

Претседателот на советот ги прочита поднесените барања:

1.Барање од Јован Цветаноски за подобрување на патната инфраструктура во населбата ,,Иванидол 1“ и тоа со меѓусебно поврзување на порано изградени патишта. Како и барање да се изврши експропријација на дел од парцелите кои се во приватна сопственост.

Претседателот на советот предложи барањето да се достави до надлежните органи.

2. Барања од МЗ Видрани за подобрување на патната инфраструктура со изградба на локален пат во должина од 70 метри на државно земјиште, за цевки за наводнување на селски градини во должина од 70 метри, за водоводна инсталација од 70 метри за приклучување на три стамбени објекти, како и барање за поставување на потпорен зид од 37 метри.

Петседателот на советот информира дека барањето ќе се проследи до Секторот за комунални дејности.

Валентина Лазаревска- Информира дека од МЗ Другово било поднесено барање на 12.07.2024 г. за чистење на улицата ,,Гоце Делчев“, т.е патот од градските гробишта до селото, се работело за 500 метри.

Претседателот на советот информира дека барањето ќе се достави до Секторот за комунални дејности.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен и дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 12 часот.

Совет на општина Кичево

Записничар — Претседател

Ленче Србиноска — Скендер Џабири